РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општина Демир Хисар
-------------------------------------------
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
Municipality of Demir Hisar

Бр. 08-259/3
06.08.2021
Општина Демир Хисар
"Битолска" бб
7240 Демир Хисар
Demir Hisar Municipality
"Bitolska" bb
7240 Demir Hisar
Тел/tel: 047 552 661
opstinademirhisar@yahoo.com
www.demirhisar.gov.mk

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА СО АКЦИСКИ ПЛАН ЗА 2021 ГОДИНА НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

## ВОВЕД

Корупцијата е глобален проблем и динамична појава и се поврзува со различни економски, правни, политички, социолошки и други фактори. Нејзините ефекти се негативни и ги опфаќаат јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор. Таа претставува сериозна закана за ефективно и ефикасно владеење, растот и стабилноста а сериозно ја поткопува довербата во институциите на системот со што ја доведува во опасност демократијата и остварувањето на човековите права преку ерозија на општествените вредности, на локално и државно ниво.

Борбата против корупацијата подразбира донесување и имплементирање на закони, политики, методологии и програми со цел сузбивање на овој феномен кој ги подрива општоприфатените морални вредности и норми во корист на јавниот интерес.

Општина Демир Хисар го препознава овој предизвик и согласно препораките и заложбите на Владата на Република Северна Македонија го донесува и доследно ќе го имплементира овој Годишен план за спречување на корупцијата со акциски план.

Овој план заедно со Политиката на интегритет и Правилникот за внатрешно пријавување кои Општина Демир Хисар веќе ги има донесено и имплементирано, како и Етичкиот кодекс на локалните функционери и Кодексот за административните службеници, сметаме дека претставува солидна основа кон намалување и сузбивање на корупцијата во локалната самоуправа.

## ШТО Е КОРУПЦИЈА И СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

**Корупција:** согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси корупцијата е дефинирана како „злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба заради остварување корист, директно или преку посредник, за себе или за друг“.

Законот познава два поими во овој поглед и тоа:

-пасивна корупција: намерно делување на службеното лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков бил вид, за себе или за трето лице или прифаќа

ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски и

-активна корупција: намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или за трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

**Судир на интереси**:тој е дефинирана како „состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности".

## НАДЛЕЖНОСТИ НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

Според Законот за локална самоуправа, Општина Демир Хисар е надлежна за вршење на следниве работи:

(1) Урбанистичко (урбано и рурално) планирање, донесување на детален урбанистички план (ДУП), донесување на генерален урбанистички план (ГУП), урбанистичка документација за населените места во општината,издавање на одобрение за градење на објекти од локално значење утврдени со закон, уредување на просторот и уредување на градежно земјиште.

(2) Заштита на животната средина и природата-мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучавата и нејонизирачкото зрачење.

(3) Комунални дејности-снабдување со вода за пиење; испорака на технолошка вода; одведување и прочистување на отпадни води; утврдување на цена на комунални услуги; јавно осветлување; одведувањето и третманот на атмосверските води; одржувањето на јавна чистота; собирање, транспортирање и постапување со комуналниот цврст и технолошки отпад; уредувањето и организирањето на јавниот локален превоз на патници; снабдувањето со природен гас и топлинска енергија; одржувањето на гробовите, гробиштата, крематориумите и давањето погребални услуги; изградбата, одржувањето, реконструкцијата и заштитата на локалните патишта, улици и други инфраструктурни објекти; регулирање на режимот на сообраќајот; изградбата и одржувањето на уличната сообраќајна сигнализација; изградбата и одржувањето на јавниот простор за паркирање; отстранувањето на непрописно паркираните возила; отстранување на хаварисаните возила од јавните површини; изградба и одржување на пазарите; чистењето на оџаците; одржувањето и користењето на парковите, зеленило, парк-шумите и рекреативните површини; регулацијата, одржувањето и користењето на речните корита во урбанизираните делови; определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти.

(4) Културата-инстутиционалната и финансиската подршка на културните установи и проекти; негувањето на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности; организирањето културни манифестации; поттикнувањето на разновидни специфични форми на творештво.

(5) Спорт и рекреација-развојот на масовниот спорт и рекреативните активности; организирањето на спортски активности; организирањето на спортски приредби и манифестации; одржувањето и изградба на објекти за спорт; подршка на општински спортски сојузи.

(6) Социјална заштита и заштита на децата-детски градинки и домови за стари(сопственост, финансирање, инвестиции и одржување); остварување на социјална грижа за инвалидните лица; деца без родители и родителска грижа; деца со воспитно-социјални проблеми; деца со посебни пореби; деца од еднородителски семејства; деца на улица; лицата изложени на социјален ризик; лицата засегнати со злоупотреба на дрога и алхохол; подигање на свеста на населението; домување на лица со социјален ризик; остварување на право и воспитување на децата од предучилишна возраст. Вршењето на овие надлежности се во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита.

(7) Образование-основање,финансирање и администрирање на основни и средни училишта, во соработка со централната власт, во согласност со закон, организирање на превоз и исхрана на ученици и нивно сместување во ученички домови.

(8) Здравствена заштита-управување со мрежата на јавни здравствени организации и објекти од примарна здравствена заштита кои треба да вклучат застапеност на локалната самоуправа во сите одбори на сите здравствени организации во јавна сопственост, здравствено воспитување; унапредување на здравјето; превентивни активности; заштита на здравјето на работниците и заштита при работа; здравствен надзор над животната средина; надзор над заразните болести; помош на пациенти со специјални потреби(на пример,ментално здравје,
злоупотреба на деца итн.) и други области кои ќе бидат утврдени со законот.

(9) Спроведување на подготовки и преземање мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разузнавања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив.

(10) Против пожарна заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици.

(11) Надзор над вршење на работите од нејзина надлежност и

(12) Други работи определени со закон.

## АКТИВНОСТИ КОИ СЕ ОСЕТЛИВИ НА КОРУПЦИЈА

Овој план прецизира активности кои се идентификувани како осетливи на корупција по области а за кои се определени соодветни мерки во акцискиот план:

-Јавни набавки и администрирање на даноци,

-Управување со човечките ресурси,

-Инспекциски надзор,

-Издавање на согласности и дозволи и

-Отчетност и транспарентност во работењето.

Исто така Планот се фокусира на два клучни аспекти и тоа:

-екстерен аспект: што може да направи Општина Демир Хисар за спречување на корупцијата на локално ниво и

-интерен аспект: што Општина Демир Хисар може да направи за да превенира и спречи корупција внатре во општината.

## АНАЛИЗА НА АКТИВНОСТИТЕ ОСЕТЛИВИ НА КОРУПЦИЈА

**-јавни набавки и админитрирање на даноци:** процедурите за јавни набавки се под ризик од корупттивни практики и на локално ниво. Целта е да се добие најдобрата вредност за јавните трошоци, обезбедување на фер конкуренција правичен третман на понудувачите преку креирање на највисоко ниво на транспарентност на процесите, зајакнување на човечките капацитети со квалификувани и обучени кадри за спроведување на јавните

набавки, зголемување на контролата врз нивното спроведување и нивната ефикасна реализација. Општина Демир Хисар во овој поглед ги следи и имплементира сите законско неопходни процедури кои допринесуваат кон остварувањето на таа цел. Во таа насока се донесени и се имплеменираат и интерни процедури за спроведување на јавните набавки со и без користење на правилата на јавни набавки. Постои ризик од корупција и при администрирањето на даноци. Заради тоа потребна е фер и неселективна проценка и утврдување на даноците во надлежност на локалната самоуправа и тоа: данокот на имот, данокот на промет на недвижности и данокот на наследство и подарок за секој даночен обврзник.

**-управување со човечките ресурси:** стремежот е општинската администрација да биде непристрасна, ефективна и ефикасна, независна од било какво влијание. Таа мора да функционира на принципите на етичност и интегритет и да развие механизми за санкционирање на неетичко и коруптивно однесување. Во таа насока Општина Демир Хисар донесе и имплементира Политика на интегритет, која не дава можност за коруптивно однесување на општинската администрација, советот на општината и градоначалникот. Определено е лице за интегритет кое е веќе обучено од страна на ДКСК. Исто така развиен е и систем за внатрешно пријавување, преку кој се заштитуваат укажувачите, соработниците на правдата, сведоци и лица кои помагаат при спречување на корупцијата.

**-инспекциски надзор:** инспексцискиот надзор мора да е непристрасен и со јасно определени процедури достапни за секој кој пријавува или пак е пријавен за евентуално прекршување на законските процедури од оваа област. Општина Демир Хисар сериозно се зафати со кадровско зајакнување на одделението за инспекциски надзор а паралелно на тоа течат и низа активности кои преку едукација на населението влијаат кон намалување на потребата од сериозни казни кои произлегуваат при прекршување на законите кои ја третираат оваа област.

**-издавање на согласности и дозволи:** за секое издавање на согласност или дозвола мора најстрого да се почитуваат позитивните законски прописи и рокови, без толеранција за неосновано задоцнување за издавање на истите. Вработените во општинската администрација кои работат на издавање на дозволи или согласности мора со својот личен интегритет да докажат на граѓанинот дека секое барање е примено, обработено и доставено во законскиот рок до секој апликант на фер и правичен начин. Посебно напоменуваме дека најподложни на коруптивни дејствија се процедурите за издавање на градежни дозволи и донесувањето на урбанистичките планови.

**-отчетност и транспарентност во работењето:** Општина Демир Хисар веќе подолг период се вбројува во едни од најтранспарентните институции во државата. Без разлика на тој факт, секогаш е потребно тоа ниво на транспарентност и отчетност да се зголемува. Граѓаните имаат право да се информирани за секој аспект од функционирањето на општината преку јавно презентирање на сето она што значи функционирање на општината. Било тоа да се прави преку механизмите кои им стојат на располагање како на пример добивање на информации од јавен карактер, претставки и предлози или пак преку проактивното реагирање на општината, односно објавување на сите информации преку социјалните мрежи и интернет страница кои се предмет на интерес на граѓаните.

## ЦЕЛИ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

Годишниот план за спречување на корупцијата со акцискиот план се фокусира на неколку цели кои би послужиле за намалување на системската осетливост на корупција во рамките на Општина Демир Хисар. Исто така се предвидуваат конкретни мерки и активности за контрола и превенција на појавата на корупција. Сите тие се систематизирани во неколку аспекти:

-зголемување на транспарентноста и одговорноста на вработените кон граѓаните и подобрување на ефикасноста во работењето,

-еднаков третман кон граѓаните во добивањето на услуги од страна на општинската администрација,

-воспоставување на механизми во рамките на Општина Демир Хисар кои ја ограничуваат и спречуваат можноста за злоупотреба на службената положба за остварување на лична корист,

-воспоставување на механизми за стимулација и поттикнување на вработените во општинската администрација со цел извршување на задачите на подобар и поквалитетен начин,

-подигнување на јавната свест и спроведување на антикорупциска едукација на вработените и градење на личен и професионален интегритет,

-зајакнување на довербата на граѓаните кон Општина Демир Хисар и мотивирање да пријавуваат коруптивни дејства.

## АКЦИСКИ ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР ЗА 2021 ГОДИНА

| **1. Јавни набавки и администрирање на даноци** | | | |
|---|---|---|---|
| **р.б.** | **Активност** | **Носител на активноста** | **Временска рамка** |
| 1.1 | Контрола врз спроведување на јавните набавки, нивна анализа, проблеми при нереализација и изработка на препораки | Градоначалник/Одделение за внатрешна ревизија/Одделение за финансиски прашања/Биро за јавни набавки/Лице задолжено за јавни набавки | Август 2021/Декември 2021 |
| 1.2 | Обука за интегритет во јавните набавки | Лице за интегритет/Биро за јавни набавки/НВО | Август 2021/Декември 2021 |
| 1.3 | Редовно ажурирање на документацијата поврзана со јавните набавки и објавување на интернет страницата на општината | Одделение за финансиски прашања/Лице задолжено за јавни набавки | Август 2021/Декември 2021 |
| 1.4 | Контрола врз администрирањето на даноци | Раководител на одделение за финансиски прашања/Одделение за внатрешна ревизија | Август 2021/Декември 2021 |
| **2. Управување со човечките ресурси** | | | |
| **р.б.** | **Активност** | **Носител на активноста** | **Временска рамка** |
| 2.1 | Спроведување на обуки за јакнење на свеста за антикорупција кај вработените во Општина Демир Хисар | Одделение за управување со човечки ресурси | Август 2021/Декември 2021 |
| 2.2 | Континуирано следење во извршувањето на работните задачи на секој вработен во општинската администрација | Одделение за управување со човечки ресурси | Август 2021/Декември 2021 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2.3 | Запознавање на вработените со новите правилници, процедури и останати интерни акти | Одделение за управување со човечки ресурси | Август 2021/Декември 2021 |
| **3.** | **Инспекциски надзор** | | |
| **р.б.** | **Активност** | **Носител на активноста** | **Временска рамка** |
| 3.1 | Едукација на граѓаните за активности кои би биле санкционирани од страна на одделението за инспекторат | Одделение за инспекторат | Август 2021/Декември 2021 |
| 3.2 | Континуирано следење во извршувањето на работните задачи на секој вработен во одделението за инспекторат | Градоначалник/Раководител на одделение за инспекторат | Август 2021/Декември 2021 |
| 3.3 | Спроведување на обуки за вработените во одделението за инспекторат | Инспекциски совет и други надлежни институции/ЗЕЛС / НВО | Август 2021/Декември 2021 |
| **4.** | **Издавање на согласности и дозволи** | | |
| **р.б.** | **Активност** | **Носител на активноста** | **Временска рамка** |
| 4.1 | Јакнење на свеста за антикорупција, ефикасно и ефективно работење на вработените кои работат на издавање на согласности и дозволи | Лице за интегритет/Одделение за урбанизам и заштита на животна средина | Август 2021/Декември 2021 |
| 4.2 | Континуирано следење во извршувањето на работните задачи на секој вработен во одделенијата кои издаваат согласности и дозволи, посебно градежните дозволи и донесувањето на урбанистичките планови | Одделение за урбанизам и заштита на животна средина | Август 2021/Декември 2021 |
| 4.3 | Контрола на доследното почитување на законските процедури и рокови | Одделение за урбанизам и заштита на животна средина/Одделение за внатрешна ревизија | Август 2021/Декември 2021 |
| **5.** | **Отчетност и транспарентност во работењето** | | |
| **р.б.** | **Активност** | **Носител на активноста** | **Временска рамка** |
| 5.1 | Проактивно објавување на информации за работењето на општината | Службено лице за посредување со информации од јавен карактер/Лице задолжено за управување со интернет страницата и социјалните мрежи | Август 2021/Декември 2021 |
| 5.2 | Редовно ажурирање и објавување на социјалните мрежи и интернет страница на документацијата поврзана | Службено лице за посредување со информации од јавен карактер/Лице задолжено за управување со | Август 2021/Декември 2021 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | со информациите од јавен карактер | интернет страницата и социјалните мрежи | |
| 5.3 | Едукација на граѓаните за нивните права за секој аспект од работењето на општината. | Службено лице за посредување со информации од јавен карактер/Лице задолжено за управување со интернет страницата и социјалните мрежи | Август 2021/Декември 2021 |

Општина Демир Хисар
Градоначалник
Марјанче Стојановски